LAW WATCH ANALYSES | ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНИТЕ ПОД ЛУПА

# ПОВЕЌЕ ТРУД ЗА ПОДОБАР СУД

## Судската заштита на човековите права во управен спор

LAW WATCH ANALYSES
ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНИТЕ ПОД ЛУПА

# ПОВЕЌЕ ТРУД ЗА ПОДОБАР СУД

## Судската заштита на човековите права во управен спор

20 години
FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

**Едиција: Примената на законите под лупа**

Повеќе труд за подобар суд - Судската заштита на човековите права во управен спор

Издавач:
Фондација Отворено општество - Македонија

За издавачот:
Владимир Милчин, извршен директор

Уредници:
Данче Даниловска - Бајдевска
Нада Наумовска

Превод:
Тања Малеска

Лектура:
Абакус

Ликовно и графичко обликување:
Кома

Печат:
Пропоинт

Тираж:
600

Бесплатен/некомерцијален тираж

Јануари 2012

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје

351.91(497.7)
342.565.2(497.7)
342.565.2497.7)

ПОВЕЌЕ труд за подобар суд : судската заштита на човековите права во управен спор / [уредници Данче Даниловска-Бајдовска, Нада Наумовска]. - Скопје : Фондација Отворено општество - Македонија, 2012. - 48, 48 стр. : табели ; 21 см. - (Едиција Применета на законите под лупа = Series A closer of the application of the laws)

Насл. стр. на припечатениот текст: More efforts for more efficient courts : court protection of human rights in administrative disputes / editors Dance Danilovska-Bajdevska, Nada Naumovska. - Обата текста меѓусебно печатени во спротивни насоки. - Текст на мак. и англ. jазик. - Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-218-133-2

а) Управно судство - Македонија б) Управен спор - Македонија
COBISS.MK-ID 90712586

# СОДРЖИНА


ПРЕДГОВОР ........ 6

ВОВЕД........ 9

РАБОТИ ЛИ УПРАВНИОТ СУД ИЛИ ТРОКИРА?........ 13

Суд: врами, па изложи ........ 13

Колку труд за ефикасен суд? ........ 14

Како работи судот по Совети?........ 17

Лига на Управни спорови во прв степен: Управниот суд против Врховниот суд........ 20

Судот се оправдува, но кој плаќа за неефикасноста? ........ 21

ТИМ ОД СОНИШТАТА ЗА ДОБРИ РЕЗУЛТАТИ........ 23

Добри кадровски решенија - судство без сомненија........ 23

Како се бираат играчите во тимот на Судот? ........ 23

Суд за судиски труд........ 25

Високи оценки за слаби резултати ........ 25

УПРАВНИОТ СПОР КАКО СРЕДСТВО ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ГРАЃАНИТЕ........ 27

Како започнува еден управен спор?........ 27

Правото на жалба по интервенција на Уставниот суд........ 28

2010 година – измени во начинот на одлучување........ 28

Време е за времени мерки! ........ 29

Како суди Судот? ........ 30

Преглед на поднесените тужби ........ 31

По тужбите, да видиме како работат органите на државната управа........ 32

Отфрлање на тужба........ 32

Државното правобранителство поднесува тужби... едвај ........ 33

Судот одлучува, а што ли потоа се случува!?........ 34

Правото на жалба - редовен правен лек........ 35

Преглед на поднесените жалби и исходот од нив........ 35

ШТО КОГА АДМИНИСТРАЦИЈАТА МОЛЧИ? ........ 38

Заштитата за граѓаните и правните лица кога „администрацијата молчи“ ........ 38

Кога и како можам да поведам спор доколку администрацијата молчи?........ 38

Не се знае колку се спори доколку администрацијата молчи........ 40

ШТО ЗАКЛУЧИВМЕ? ........ 41

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА........ 44

ПРИЛОГ........ 45

# ПРЕДГОВОР

Правната програма на Фондацијата отворено општество – Македонија е посветена на промовирање на транспарентноста и давање отчет од страна на институциите; почитување на човековите права и поддржување на реформите на правниот систем во Република Македонија. Во текот на 2011 и 2012 година, Правната програма, меѓу другото, е фокусирана на поддржувањето на транспарентниот процес на приближување на домашното законодавство кон законодавството на ЕУ преку информирање и вклучување на граѓанскиот сектор и набљудување на примената на новоусвоеното законодавство.

Сметаме дека набљудувањето на примената на реформските закони е од клучно значење за оценување на успешноста на реформите, но и заради постојано информирање на јавноста за ефикасноста со којашто се спроведуваат законите. Затоа, една од основните цели на потпрограмата за Апроксимација на законодавството е да се застапува за соодветна примена на новоусвоените закони коишто се поврзани со приближување на законодавството на Република Македонија со законодавството на Европската унија.

При изборот на областите во кои ќе ја набљудуваме примената на новоусвоеното законодавство, приоритет и дадовме на Реформата на правосудниот систем на Република Македонија, како компонента на која и е посветено особено внимание во Договорот за асоцијација и стабилизација, и како клучен критериум преку кој се дава оценка за напредокот на Република Македонија во евроинтегративниот процес.

Анализирањето на степенот на примената на законите ќе претставува заедничка компонента во сите анализи што ќе бидат објавени како дел од едицијата *„Примената на законите под лупа“*. Но, уште позначајно е тоа што заштитата на човековите права ќе биде призмата низ којашто ќе се оценува соодветната примена на македонското законодавство.

Пред вас ја имате првата анализа од споменатата едиција, која имз за цел да даде одговор на прашањето: дали воведувањето на Управниот суд, како специјализиран суд за постапување во управен спор, придонесе за заштита на човековите права, кога истите се повредени од страна на органите на државната управа? За да дадеме одговор на ова прашање, во текот на мај и јуни 2011 година испративме 27 барања за слободен пристап, сите поврзани со работењето на Управниот суд во 2009 и 2010 година. За жал, на голем дел од поднесените барања за добивање информации преку Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер, Судот одговори дека не располага со податоци. Но, и покрај ова, анализата што ја имате пред вас обезбеди доволно податоци преку чија обработка се утврди дека: и покрај високите оценки за работата на судиите, Управниот суд не успева ефикасно да се справи со обемот на работата; Управниот суд е помалку ефикасен во споредба со Врховниот суд, кога бил надлежен да одлучува во првостепена управна постапка; Судот нема никакви податоци за ефикасноста во спроведувањето на неговите одлуки; бројот на уважени тужби од страна на Судот е поголем од бројот на одбиени тужби, што укажува на неефикасното работење на органите на државната управа и на високиот степен повреди на правата и интересите на граѓаните.

И пред да прејдеме кон изложување на главните наоди на анализата, сакаме да ја искажеме нашата надеж дека оваа, но и следните анализи коишто ќе бидат објавени во рамките на едицијата *„Примената на законите под лупа“,* ќе дадат придонес кон создавањето соодветна рамка за евалуација на примената на законите од страна на органите на дравната власт.

Од уредниците

# ВОВЕД

Во декември 2007 година започна со работа Управниот суд, како еден од носителите на судската власт во судскиот систем на Република Македонија што ја врши судската власт на целата територија на државата. Како што кажува самото име, Управниот суд е основан како специјализиран првостепен суд што одлучува во управен спор по тужба против управните акти на некој орган на државната управа или организација.

Воведувањето ваков специјализиран суд е новина во правосудниот систем во Република Македонија. До донесувањето на Законот за управните спорови во 2006 година,[1] за решавање во управни спорови беше надлежен Врховниот суд на Република Македонија. Овие измени се дел од реформите во правосудството предвидени со Стратегијата за реформа на правосудниот систем, донесена од Министерството за правда во 2004 година, за остварување независно и ефикасно судство. Како што е наведено во Стратегијата, потребата од создавање посебен, специјализиран суд во областа на управните спорови се оправдува со неможноста Врховниот суд на Република Македонија ефективно да се справи со нив.[2] Имено, се нагласува дека управните спорови се едно од „***тесните грла***“ во судството, со годишен прилив од околу 3.000 предмети, од кои Врховниот суд на Република Македонија решава

1 Објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.62/2006, со измените и дополнувањата.

2 Стратегија за реформа на правосудниот систем, стр. 15-16.

само 2.000, односно околу 67%. *Претпоставка во Стратегијата е дека основањето специјализиран суд би придонел за надминување на ваквите состојби во однос на заштитата на правата на граѓаните во оваа област.*

Во таа смисла, целта на оваа анализа е да даде одговор на прашањето дали и колку овие измени ги дале потребните резултати и каква е актуелната состојба на судската заштита на правата на граѓаните, кога истите им се повредени од страна на органите на државната управа. Анализата се задржува на работењето на Управниот суд во 2009 и 2010 година и на условите под кои граѓаните и правните лица може да ја остварат заштитата на своите права во управен спор. За да одговориме на последното прашање, ги анализираме постојните правни прописи од областа кои се релевантни документи, како што се официјалните извештаи за работата на Управниот суд и други документи поврзани со нив, како и податоците добиени од релевантните институции преку користење на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, а во согласност со истоимениот закон.[3] Притоа, анализата на никој начин не навлегува во оценувањето на судските одлуки.

Концептуално, анализата може да се подели на вовед, три главни дела и заклучок.

Во **првиот дел** се анализира функционирањето на Управниот суд во правосудниот систем во Република Македонија, преку анализа на соодветната правна рамка, како и податоците за неговата работа добиени од официјалните извештаи и врз основа на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер. Во рамките на овој дел се разгледува и прашањето на кадровската екипираност на судот.

Во **вториот дел** се анализираат законските услови под кои граѓаните и правните лица можат да поведат управен спор, како и начинот на кој Управниот суд одлучува по предметите.

Во **третиот дел,** како особено важно прашање, се разгледува поведувањето управен спор во случај на молчење на администрацијата.

3 Закон за слободен пристап до информациите од јавен карактер, „Службен весник на Република Македонија“ бр.13/2006, со измените и дополнувањата. Информации се побарани од Управниот суд, Судскиот совет, Врховниот суд на Република Македонија, Народниот правобранител, а прашањата и одговорите се дадени во Прилог 1.

**Заклучокот** содржи заклучни констатации и препораки за натамошно дејствување во сферата на заштитата на правата на граѓаните и на правните лица во случај на управен спор.

Пред да преминеме на главниот дел од анализата, би се задржале на главните точки и заклучоци што се издвојуваат од оваа анализа.

Прво, а можеби и најважно, е да се истакне дека Управниот суд е неефикасен суд, односно дека во годините што се предмет на анализа истиот не се справува ефикасно со бројот на предметите, иако станува збор за специјализиран суд. Со тоа заштитата на правата на граѓаните во управен спор е во неповолна положба. Притоа, бројот на нерешените предмети непропорционално се зголемува во однос на бројот на поднесените тужби, иако и двата бележат зголемување. Со тоа, всушност, не се остварува основната цел поради која е основан овој специјализиран суд – надминување на т.н. состојба на тесно грло во судството на управните спорови. Ваквата состојба е констатирана и од страна на највисоките органи на судската власт – Судскиот совет и Врховниот суд на Република Македонија. Се наведуваат повеќе причини за ваквите состојби, а најчесто недоволната кадровска екипираност, особено во однос на стручните лица. Што се однесува пак на бројот на судиите, тој е во постојано зголемување. За да се одговори на прашањето дали последново е навистина главна причина, треба да се исполнат и овие услови. Доколку е навистина така, тогаш се наметнува прашањето зошто Управниот суд почна да работи под непотполни услови и зошто се дозволи да се дојде во ситуација кога дури и Врховниот суд на Република Македонија е поефикасен од Управниот суд, кога станува збор за решавање по управните спорови, иако за тоа било надлежно едно одделение.

Понатаму, законската материја што ги регулира управните спорови помина низ неколку клучни измени, од кои најважна е воведувањето на правото на жалба, како редовен правен лек, и основањето на Вишиот управен суд како второстепен суд. Вишиот управен суд почна да функционира во јуни 2011 година, поради што во оваа анализа нема да биде опфатено неговото работење. Меѓутоа, повеќе од корисно би било да се направи слична анализа и за работењето на Вишиот управен суд неколку години досега, со што би се добила посеопфатна слика во однос на заштитата на правата на граѓаните во управен спор. Притоа, за да не дојде до тоа истата слика да се повтори и во однос на ефикасното решавање на предметите во втор степен, надлежните институции треба веднаш да овозможат овој суд да работи под полн капацитет.

Во однос на постапките пред Управниот суд, побарани се различни податоци поврзани токму со заштитата на правата на граѓаните, за кои во повеќето случаи не се дадени конкретни одговори, затоа што компјутерскиот систем што е во употреба во судот не дава можност за пребарување на бараните информации. Тоа доведе до ограничена можност за анализа на поединечни прашања, како што ќе може да се види понатаму во текстот. Од значење беше и да се изврши анализа на видовите одлуки по поединечните тужби, со што ќе се добие слика за квалитетот на одлуките на органите на државната управа. Анализата се задржува и на главните решенија и на измени од ЗУС коишто влијаат на водењето на управните спорови, како и на нивното влијание врз севкупната слика за заштитата на правата на физиките и на правните лица во управните спорови.

# РАБОТИ ЛИ УПРАВНИОТ СУД ИЛИ ТРОКИРА?

## Суд: врами, па изложи

Правната рамка за основањето и работата на Управниот суд е начелно поставена со Законот за судовите,[4] а детално уредена со Законот за управните спорови.[5] Последниов е тесноповрзан и со Законот за општата управна постапка,[6] како и со други процесни и материјални закони.[7] Како што е наведено во воведот, Управниот суд се основа како првостепен суд[8] во управни спорови, односно заради обезбедување судска заштита на правата и правните интереси на физичките и на правните лица, преку оцена на законитоста на одделни управни акти, како и на актите донесени во прекршочна постапка.[9]

Судот почна да работи на 5.12.2007 година, со преземање на нерешените предмети од управната област од Врховниот суд на Република Македонија.[10] Истиот се основа и ја врши судската власт

4 „Службен весник на Република Македонија" бр.58/2006, со измените и дополнувањата.

5 Понатаму во текстот: *ЗУС*.

6 „Службен весник на Република Македонија" бр.38/2005, со измените и дополнувањата. Понатаму во текстот *ЗОУП*.

7 На пример, членот 7-а од ЗУС упатува на примена на Законот за парничната постапка во случај кога ЗУС не содржи одредби за постапката во управните спорови.

8 Член 4, ЗУС.

9 Член 1, ЗУС. Под поединечни управни акти се подразбираат актите кои ги носат органите на државната управа, Владата, другите државни органи, општините и градот Скопје, организациите утврдени со закон и правните и други лица во вршењето на јавните овластувања, кога решаваат за правата и обврските во одделни управни работи.

10 Извештај за работа на Управниот суд за 2008 година, Управен суд на Република Македонија, февруари 2009 година.

на целата територија на Република Македонија, а седиштето на Судот е во Скопје.[11] Работата по предметите во Управниот суд се одвива во осум совети формирани во рамките на шест специјализирани судски оддели.[12] Судот почна да работи со 19 судии, потоа бројот на судиите се зголеми на 22, а денес тој број изнесува 25 судии.

## Колку труд за ефикасен суд?

Како што е истакнато во текстот погоре, целта на основањето специјализиран Управен суд е остварување поголема ефикасност во судската заштита на правата на граѓаните во управно-правната сфера. *Меѓутоа, податоците за работењето на Управниот суд од неговото основање покажуваат поинаква состојба. Имено, од основањето па до денес, Управниот суд континуирано* ***не го совладува*** *годишниот прилив на предмети, така што и според Судскиот совет и според Врховниот суд на Република Македонија тој се категоризира како* ***неефикасен суд*** .

Во текот на 2008 година во Управниот суд, по различни основи, се оформени 8.497 нови предмети. Ако се земат предвид и 5.804 нерешени предмети од 2007 година, во работата во судот имало вкупно 14.301 предмет, од кои 5.147 се решени, а нерешени останале

11 Член 25, Закон за судовите.

12 1) Оддел за имотно – правна област, катастар и образование; 2) Оддел за денационализација, експропријација, деекспропријација и трансформација; 3) Оддел за урбанизам и градежништво, водостопанство, земјоделство, стопанство, сообраќај и врски, игри на среќа и радиодифузија; 4) Оддел за пензии и други права од пензиското и инвалидското осигурување, право по основ на социјална заштита, право по основ на здравствено осигурување, права од здравствено-санитарен надзор и контрола, надзорни мерки на инспекторот на труд; 5) Оддел за јавни набавки, права по основ на невработеност, јавни давачки, даноци, придонеси, работни односи, акцизи, разрешување од должност, адвокати, економија, конкуренција, Централен регистар, пристап до информациите од јавен карактер; и 6) Оддел за царини, такси, надоместоци, статусни прашања, патни исправи, возила, оружје, права од индустриска сопственост и авторски права, жиг, банкарски работи, концесии, одбрана, деловен субјект, енергетика, заштита на споменици. Во рамките на вториот оддел, функционираат два совета (II СОВЕТ и VII СОВЕТ), во рамките на шестиот оддел, исто така, функционираат два совета (VI СОВЕТ и VIII СОВЕТ), а во рамките на другите четири оддели, функционира по еден совет (I СОВЕТ, III СОВЕТ, IV СОВЕТ и V СОВЕТ).

9.154 предмети.[13] Несовладаниот број нови предмети за 2008 година изнесува 3.350 предмети.

Во текот на 2009 година се зголемува и бројот на новопримени предмети по различни основи, па тој изнесува 9.043. Имајќи го предвид и бројот на нерешени предмети од претходната 2008 година (9.154), во работа во судот имало вкупно 18.197 предмети. Од нив биле решени 7.857, а нерешени останале 10.340 предмети.[14] Значи, Управниот суд не успеал да го совлада ниту приливот на нови предмети за 1.186 предмети, односно во споредба со 2008, и покрај зголемениот број нови предмети, тој успеал да го намали бројот на несовладани нови предмети.

Меѓутоа, во 2010 година бројот на нерешени предмети се зголемува, а се намалува бројот на решени предмети споредено со 2009 година. По различни основи, биле оформени 9.792 нови предмети, така што заедно со 10.340 нерешени предмети од претходната 2009 година, вкупно во работа во Судот имало 20.132 предмети. Од нив се решени само 6.322, а нерешени останале 13.810 предмети.[15] Осврнувајќи се на ваквата состојба, Врховниот суд на Република Македонија во своите оценки и заклучоци за работата на судовите во 2010 година[16] заклучува дека *„единствено Управниот суд не успеал да го совлада приливот, а го зголемил заостатокот за 3.470 предмети*“.[17]

13 Извештај за работата на Управниот суд за 2008 година, Управен суд, февруари 2009 година.

14 Извештај за работата на Управниот суд за 2009 година, Управен суд, февруари 2010 година.

15 Извештај за работата на Управниот суд за 2010 година, Управен суд, февруари 2011 година.

16 Врховниот суд заклучува дека речиси сите судови го совладале приливот, а решавале и од заостатокот на предмети, со мал исклучок на неколку основни судови, каде што се забележува мал број заостанати предмети: Основниот суд Крушево, кој го зголемил заостатокот за 31 предмет; Основниот суд Кратово, кој го зголемил заостатокот за 37 предмети; Основниот суд Крива Паланка, кој го зголемил заостатокот за 45 предмети и Основниот суд Кавадарци, кој го зголемил заостатокот за 456 предмети.

17 Оценки на ВСРМ за работата на судовите за 2010 година, стр.4.

Податоците се прикажани во табелата долу:

| Управни спорови во првостепена постапка во Управниот суд за периодот 2008–2010 година | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Година | Предмети заостанати од претходната година | Примени нови предмети | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Нерешени предмети | Заостаток на предмети |
| 2008 | 5.804 | 8.497 | 14.301 | 5.147 | 9.154 | 3.350 |
| 2009 | 9.154 | 9.043 | 18.197 | 7.857 | 10.340 | 1.186 |
| 2010 | 10.340 | 9.792 | 20.132 | 6.322 | 13.810 | 3.470 |

Бројот на заостанати предмети од претходната година секоја година се зголемува, а во периодот 2008–2010 година истиот двојно се зголемува, додека во бројот на нови примени предмети во работа не се забележуваат толку големи осцилации. Понатаму, иако во 2009 споредено со 2008 година постои подобрување во однос на вкупниот број решени предмети, во 2010 година тој број значително опаѓа! Во таа смисла, доколку се претпостави дека Управниот суд ќе продолжи да работи со вакво темпо, би му биле потребни приближно две години за да може да ги заврши сите нерешени предмети од 2010 година, под претпоставка да не прими ниту еден нов предмет! Доколку се направи процентуална пресметка за ефикасноста на решавањето на предметите по година, излегува дека Управниот суд во просек годишно решавал околу 37% од вкупниот број предмети. А доколку се споредат податоците за работата на другите судови во Република Македонија во 2010 година, излегува дека Управниот суд не само што не успева да го совлада годишниот прилив на предмети, туку и се вбројува меѓу неколкуте (мал број) судови кои не успеваат да го совладаат годишниот прилив на предмети.[18]

Оттука, Управниот суд и во 2009 и во 2010 година е **неефикасен суд**, како што е заклучено и од страна на Судскиот совет во Извештаите за работа за 2009 и 2010 година, со оглед на тоа што Управниот суд „не го совладал годишниот прилив на предмети."

18 Во оваа група се вбројуваат Основниот суд Крушево, со 31 заостанат предмет; Основниот суд Кавадарци, со 456 заостанати предмети; Основниот суд Кратово, со 37 заостанати предмети; Основниот суд Крива Паланка, со 45 заостанати предмети, и Врховниот суд на Република Македонија, со 843 заостанати предмети. Извор: Извештај за работата на Судскиот совет на Република Македонија за 2010 година, стр.38-39.

## Како работи судот по Совети?

Доколку се анализира бројот на решени предмети во 2009 и 2010 година по одделните совети на Управниот суд, се забележува *пад на бројот на решени предмети по сите совети поодделно*, со забелешка дека VIII СОВЕТ работи со двајца судии, а сите други совети со по тројца судии.[19] Се забележува и различна динамика во решавањето на споровите од страна на одделни совети.

**Број на решени предмети во Управниот суд по Совети во 2009 и 2010 година**

| | 2009 година[20] | Просечен број решени предмети по судија месечно во 2009 година[21] | 2010 година[20] | Просечен број решени предмети по судија месечно во 2010 година[21] |
|---|---|---|---|---|
| I СОВЕТ | 978 | 31 | 810 | 25,7 |
| II СОВЕТ | 884 | 28 | 692 | 21,9 |
| III СОВЕТ | 1.012 | 32 | 893 | 28 |
| IV СОВЕТ | 1.136 | 36 | 1.091 | 34,6 |
| V СОВЕТ | 946 | 30 | 840 | 26,6 |
| VI СОВЕТ | 1.500 | 48 | 796 | 26,4 |
| VII СОВЕТ | 776 | 25 | 618 | 19,6 |
| VIII СОВЕТ | 613 | 19,4 | 582 | нема податок |

Заради подобра илустрација, дадените податоци се презентирани и по одделни графикони.

19 Доколку се сумира, бројот на вкупно решени предмети во 2009 година по совети содржани во Годишниот извештај за работата на Управниот суд се разликува за 12 предмети помалку од вкупно дадениот број решени предмети; имено збирниот број предмети решени во 2009 година изнесува 7.857, а доколку се соберат податоците за бројот на решени предмети одделно по совети овој број изнесува 7.845.

20 Извештај за работата на Управниот суд за 2009 и 2010 година.

21 Податоци од Врховниот суд на Република Македонија.

Графикон 1: Работата на Управниот суд по Совети во 2009 и 2010 година, со вкупен број решени предмети




Графикон 2: Просечен број решени предмети месечно по судија во Управниот суд во 2009 и 2010 година




Статистиката покажува дека во споредба со 2008 година, кога биле решени вкупно 5.147 предмети или просечно 23,3 предмети по судија месечно, во текот на 2009 година просекот на решени предмети по судија е зголемен и изнесува 32,5 предмети месечно. Иако бројот на решени предмети во споредба со 2008 година е зголемен за 2.710

предмети, зголемен е и приливот на предмети (за 546), поради што е зголемен и бројот на нерешени предмети за 1.186 предмети, споредено со 2008 година.[22] Во 2010 година, пак, опаѓа бројот на вкупно решени предмети, како и просекот на месечно решените предмети по судија, кој изнесува 26, што се констатира и од страна на Врховниот суд на Република Македонија.[23]

Кога станува збор за споредување на бројот на решени предмети по години и помеѓу различните совети, треба да се истакне дека динамиката е поврзана и со видот и тежината на предметите што се во работа во едниот или во другиот совет. *Меѓутоа, истото претставува повод за анализа, зашто бројот на решени предмети во 2009 и во 2010 година е опаднат, при исти и/или подобрени услови за работа во судот.* Имено, во Извештајот за работата на Управниот суд во 2010 година е констатирано дека:

условите за работа во многу сегменти се подобрени: просторни услови, техничка опременост на судот, зголемување на бројот на судии и вработување на нови судии, користење на компјутерски систем за обработка на податоците, но се нагласува дека нема вработување на нови судски службеници.[24]

Во таа смисла, и Врховниот суд на Република Македонија констатира дека „поединечните резултати укажуваат на нееднаквата ангажираност на судиите [во Управниот суд] во решавањето на предметите и на нееднаквата оптовареност со предмети," истовремено истакнувајќи дека со оглед на „трендот на зголемување на заостатокот на предмети, и покрај проширувањето на систематизацијата на Управниот суд со зголемен број судии", како императив се наметнува потребата од брзо кадровско екипирање на судот со стручни судски соработници, советници и дактилографи, за да се обезбеди побрзо пишување на одлуките и да е зголеми бројот на решените предмети."[25]

22 Оценки и заклучоци на Врховниот суд на Република Македонија по извештаите за работата на судовите во Република Македонија во 2009 година.

23 Оценки и заклучоци на Врховниот суд на Република Македонија по извештаите за работата на судовите во Република Македонија во 2010 година.

24 Извештај за работата на Управниот суд во 2010 година.

25 Оценки и заклучоци на Врховниот суд на Република Македонија по извештаите за работата на судовите во Република Македонија во 2010 година.

Последната препорака е дел од барањата и препораките содржани во извештаите за работата на Управниот суд, за што повеќе станува збор подолу во текстот.

## Лига на Управни спорови во прв степен: Управниот суд против Врховниот суд

Споредено со работата на Врховниот суд на Република Македонија во периодот 1997–2003 година, кога тој бил надлежен да одлучува во првостепена управна постапка, може да се констатира дека бројот на нови предмети во работата во Управниот суд се зголемува, но од друга страна се намалува бројот на решени предмети. Во Врховниот суд на Република Македонија тој број изнесувал просечно 45%, додека во Управниот суд просекот е 37% решени предмети во годината, и покрај фактот дека во Врховниот суд на Република Македонија во управни спорови решавало (само) посебно одделение за управни спорови, додека кај Управниот суд станува збор за специјализиран суд. Слични се и податоците за работењето на Врховниот суд на Република Македонија во 2005, 2006 и во 2007 година.

**Управни спорови во првостепена постапка во Врховниот суд за периодот 1997–2003 година[26]**

| | 1997 | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Примени нови предмети | 3.541 | 3.220 | 2.365 | 2.199 | 2.235 | 2.237 | 3.086 |
| Вкупно во работа | 8.389 | 6.971 | 5.993 | 5.394 | 5.220 | 4.798 | 6.167 |
| Решени предмети | 4.638 | 3.343 | 2.798 | 2.409 | 2.659 | 1.717 | 2.092 |
| Нерешени на 31.12 | 3.751 | 3.628 | 3.195 | 2.985 | 2.561 | 3.081 | 4.075 |

**Управни спорови во првостепена постапка во Врховниот суд за периодот 2005–2007 година[27]**

| | 2005 | 2006 | 2007* |
|---|---|---|---|
| Примени нови предмети | 2.654 | 3.439 | 4.812 |
| Вкупно во работа | Нема податок | 7.506 | 8.303 |
| Решени предмети | Нема податок | 4.015 | 1.639 |
| Нерешени на 31.12 | 4.067 | 3.491 | 6.664 |

26 Податоци од Стратегијата за реформа на правосудството 2004 година, Министерство за правда.

**Во однос на податоците за 2007 година, а со оглед на тоа дека Управниот суд почна да работи на 5.12.2007 година, треба да се нагласи дека дадениот број примени предмети (4.812) се однесува на збирот од 1.722 предмети примени до 27.5.2007 година, односно додека Врховниот суд на Република Македонија сè уште бил надлежен да решава по овие предмети, и 3.090 предмети примени во Врховниот суд на Република Македонија во периодот од 27.5 до 5.12.2007 година, односно додека со својата работа на започна Управниот суд. Ова е во согласност со ЗУС, што стапи во сила на 27.5.2006 година, а почна со примена на 27.5.2007 година. Според тоа, и бројот на решени предмети во 2007 година од Врховниот суд на Република Македонија се однесува до 27.5.2007 година, а бројот на нерешени предмети во управни спорови во 2007 година се однесува до 5.12.2007 година.*

## Судот се оправдува, но кој плаќа за неефикасноста?

Едно од главните оправдувања на Управниот суд за неможноста да се справи со големиот број предмети е недоволната кадровска екипираност. Така, во извештајот за работата на Управниот суд за 2010 година се истакнува дека судиите и сите вработени во судот „вложуваат максимални напори, во рамките на нивните реални можности, за совладување на обемот на работа, за постапување по предметите и нивно решавање, со давање предимство на одлучувањето на хронолошки постарите предмети, предметите од прекршочната област и предметите со одобрен приоритет, што резултираше и со надминување на ориентационо поставената месечна норма за решавање на предметите“, меѓутоа се констатира дека „и со вака вложениот напор, приливот и заостатокот на предметите не е совладан, имајќи ја предвид и околноста дека тројца судии од овој суд, беа избрани за судии во други судови, така што во периодот од три и пол месеци до изборот на нови судии, во Судот се работеше со помал број судии.“ Во истиот извештај се истакнува и малиот број стручни судски службеници, како и други лица кои би биле вработени во рамките на судската служба во овој суд, чиешто вработување е од особено значење за ефикасното совладување на обемот на активностите од законски определениот делокруг на Судот. *Доколку се имаат предвид и гореизнесените констатации на Врховниот суд на Република Македонија во насока на надминување на ваквата состојба во управното судство, потребно е што побрзо да се овозможи потребното кадровско екипирање на Управниот суд, за да не се попречува во ефикасната заштита на правата и интересите*

27 Податоци од извештаите за работата на Врховниот суд на Република Македонија за 2006 година и 2007 година. Податоци за работата на Врховниот суд на Република Македонија за 2004 и 2005 година не се пронајдени.

*на физичките и на правните лица во Република Македонија. Исто така, имајќи го предвид искуството на Управниот суд, надлежните институции треба да настојуваат да се избегне исто или слично сценарио и во Вишиот управен суд, кој штотуку почна да работи, преку вработување на соодветен кадар во доволен број, со што ќе се задоволат потребите и ќе се овозможи ефикасно работење на Вишиот управен суд.*

Една од мерките што ги презема Управниот суд за надминување на ваквата состојба на неефикасност, како што е наведено во извештајот за работата на судот за 2010 година, е воведувањето нов уписник со ознака „УПР“ од почетокот на 2010 година. Во овој уписник се евидентираат судските предмети од прекршочната област кои ќе им бидат автоматски доделувани на сите судии во овој суд, заради растоварување на одредени судии, со оглед на големиот број предмети од оваа област што се примаат во Судот, а кои во согласност со ЗУС ќе бидат во надлежност на судија поединец. Дали оваа мерка ќе даде конкретни резултати и какви ќе бидат тие, останува да се види во наредниот период.

# ТИМ ОД СОНИШТАТА ЗА ДОБРИ РЕЗУЛТАТИ

## Добри кадровски решенија - судство без сомненија

Општата забелешка на Европската комисија во најновиот извештај за напредокот на Република Македонија е дека кадровската екипираност во судството генерално сѐ уште претставува предизвик, при што се истакнува дека се потребни „понатамошни чекори за подобрување на независноста и професионалноста во практиката, особено преку практиките на вработување.“ Со оглед на тоа што Управниот суд е составен дел на судскиот систем, овие препораки и констатации треба да се имаат предвид и од страна на надлежните органи и да се продолжи со напорите за целосно отстранување на сите пречки кон создавањето ефикасно и независно судство.

Иако е формиран во 2007 година, Управниот суд е сѐ уште во фаза на кадровско доекипирање. Притоа, се посочува недоволниот број стручни соработници, со оглед на фактот дека бројот на судии константно се зголемува: од 19 на 22, а сега Управниот суд брои 25 судии. Според одлуката на Судскиот совет, новоформираниот Виш управен суд (ќе) брои 15 судии.

Како што е истакнато погоре во текстот, недоволната кадровска екипираност на судот се посочува како една од главните причини за неефикасноста во работењето на Управниот суд. Оваа забелешка, во вид на препорака, е дадена и од Врховниот суд на Република Македонија. Оттука, во овој дел од текстот не би се навраќале на истото.

## Како се бираат играчите во тимот на Судот?

Во однос на (посебните) критериумите за избор на судии во Управниот суд во периодот 2006–2010 година, односно од донесувањето на ЗУС, тие се менувани (дури) трипати, а избраните

кандидати не се исклучиво кадри од Академијата за судии и обвинители. Зачудува фактот што толку (лесно и) брзо се пристапува кон менување на критериумите за избор на судии, во многу кус временски период од четири години, и дека тие се разликуваат при секоја наредна измена, особено кога се има предвид дека станува збор за една толку суштествена одредба. Според последните измени, овие критериуми значително се заоструваат, а тоа би можело да биде придонес кон подобро судство. Имено, според членот 46 од Законот за судовите[28], донесен во 2006, како посебни критериуми за избор на судија во Управниот суд се земаат следниве: најмалку пет години работно искуство во суд, со потврдени резултати во работата; осум години стаж на правни работи, по положен правосуден испит, или универзитетски професор од областа на правото, со научен степен доктор на правни науки. Со измената на Законот во 2008 година[29], критериумите се менуваат определувајќи дека за судија во Управниот суд може да биде избрано лице кое има пет години работно искуство на правни работи, по положен правосуден испит или лице кое е универзитетски професор од областа на правото, со научен степен доктор на правни науки. Во 2010 година Законот повторно претрпе измени, па сега гласи:[30] за судија во Управниот суд може да биде избрано лице кое до моментот на пријавувањето за избор има најмалку четири години непрекинат судиски стаж како судија во основен суд и кое во последната година од страна на Судскиот совет на Република Македонија е оценето со највисока позитивна оцена и има добиено најголем број бодови во однос на другите пријавени лица, во согласност со Законот, или лице кое има пет години стаж на правни работи во државен орган, со потврдени резултати во работата или лице кое во последната година е оценето со највисока позитивна оценка, во согласност со Законот.[31]

28 „Службен весник на Република Македонија“ бр.58/06.

29 Закон за изменување и дополнување на Законот за судовите, „Службен весник на Република Македонија“ бр.35/2008.

30 Закон за изменување и дополнување на Законот за судовите, „Службен весник на Република Македонија“, бр. 150/2010.

31 Со последните измени на Законот се предвидуваат и посебните услови за избор на судија на Вишиот управен суд - лице кое има работно искуство од најмалку три години непрекинат судиски стаж како судија во Управниот суд до моментот на пријавувањето за избор и кое во последната година од страна на Судскиот совет на Република Македонија е оценето со највисока позитивна оцена и во однос на другите пријавени лица има добиено најголем број бодови, во согласност со Законот, или лице кое има шест години стаж на правни работи во државен орган, со потврдени резултати во работата или кое во последната година е оценето со највисока позитивна оцена, во согласност со Законот.

## Суд за судиски труд

Во однос на оценките на Судскиот совет за работата на судиите на Управниот суд, може да се каже дека истите се високо оценети, Имено, во 2008 година 14 судии се оценети со оценката „многу добар", а 6 судии со оценката „добар", додека во 2009 и 2010 година сите 23 судии кои биле предмет на оценување се оценети со највисоката оценка „многу добар".[32] Според податоците добиени од Судскиот совет на Република Македонија, врз основа на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер, од формирањето на Судот заклучно со периодот на добиената информација (јуни 2011) не е поведена ниту една дисциплинска постапка за утврдување на дисциплинска одговорност, ниту пак постапка за утврдување на нестручното и несовесно вршење на судиската функција од страна на судија во Управниот суд.

Со оглед на начинот на кој се врши оценувањето на судиите, при што како критериум за оценување на работата на судиите се зема исходот од постапките по жалба, треба да се има предвид фактот дека во овој период правото на жалба е предвидено како исклучок, а не како редовен правен лек, кој се воведува во 2010 година (види подолу во текстот). Од истата причина, Врховниот суд на Република Македонија не дал оценка за квалитетот на пресудувањето на судиите од Управниот суд во 2009 година, но заклучува дека е потребно „да се продолжи со доекипирање и доопремување на судот, решавање на просторните проблеми, со континуирана едукација на судиите и на администрацијата, сè со цел да се овозможи успешно функционирање на судот кој е надлежен за целата територија на Република Македонија."[33] Во 2010 година, Врховниот суд на Република Македонија ги оценил поединечните оддели, и тоа: првиот, вториот, третиот и шестиот со оценка „многу добар", петтиот оддел со оценка „добар", додека за четвртиот оддел нема дадено оценка(!).

## Високи оценки за слаби резултати

*И покрај високите оценки за работата на судиите, Управниот суд не успева ефикасно да се справи со обемот на работата.* Се разбира, треба да се има предвид и фактот дека станува збор за новоформиран суд со голем број наследени предмети, кој - како што е веќе наведено

32 Извештаи за работата на Судскиот совет на Република Македонија за 2008, 2009 и 2010 година.

33 *Ibid.*

- почна да работи недоволно екипиран, во смисла на човечки ресурси и техничка и друга потребна опрема и услови.

Можните причини за недоволната ефикасност се лоцирани и потенцирани и од страна на Управниот суд и од страна на Врховниот суд на Република Македонија, а тие се однесуваат пред сè на недоволниот број вработени судски службеници и други лица. Секако, покрај доволниот број вработени, постојано треба да се вложува и во соодветната едукација на вработените во судот, и тоа како на судиите, така и на другите вработени. Впрочем, како што се нагласува и во Извештајот на Управниот суд за работата во 2010 година, потребна е „континуирана едукација на судиите и на судските службеници, за области и прашања што се од значење за ефикасното извршување на работите од делокругот на Управниот суд, како и за функционирањето на судскиот систем во Република Македонија и споредбено со судските системи во повеќе европски држави“.

# УПРАВНИОТ СПОР КАКО СРЕДСТВО ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ГРАЃАНИТЕ

## Како започнува еден управен спор?

За определување на состојбата во врска со заштитата на правата на физичките и на правните лица во управен спор, од големо значење е да се разгледаат и условите под кои може да се поведе постапка, како и правата и обврските на странките во управниот спор.

Управен спор се покренува со тужба против конечен управен акт,[34] во рок од 30 дена од денот на доставувањето на актот до странката.[35] Управен спор може да се поведе и против првостепен управен акт, кога не е предвидено правото на жалба во управната постапка,[36] како и во случај на т.н. „молчење на администрацијата", односно кога надлежниот орган не донел соодветен управен акт по барањето/жалбата на странката, во согласност со условите предвидени со ЗУС. Последниот случај е разгледан во текстот подолу. Управен спор може да се поведе и за повреда на одредбите од управните договори, во согласност со одредбите од ЗУС, а не може да се поведе против акти донесени во работи во кои судската заштита е обезбедена вон управниот спор, и за работи за кои врз основа на уставните овластувања директно одлучуваат Собранието и Претседателот на Република Македонија, освен за одлуки за именување и разрешување.[37]

34 Член 8 од ЗУС. Според членот 15 од ЗОУП, конечен е актот против кој не е изјавена жалба во управната постапка или пак жалбата е искористена.

35 Член 20 став 1 од ЗУС.

36 Такви се случаите кога решава орган во состав на органот на државната управа без својство на правно лице, кога решение донесува Владата на Република Македонија, во случај кога со закон не е пропишано правото на жалба на решение од орган над кој органот на државната управа не врши надзор (самостојни државни органи), како и сите други случаи во управната постапка кога не е предвиден орган за решавање во втор степен. Член 227, ЗОУП.

37 Членови 8 и 9, ЗУС.

## Правото на жалба по интервенција на Уставниот суд

По интервентната одлука на Уставниот суд од 2009 година,[38] се донесуваат значителни измени во соодветната законска материја, меѓу кои се воведува и правото на жалба како редовен правен лек во управно-судската постапка и се основа Вишиот управен суд како второстепен суд.[39] На тој начин се воведе, условно кажано, тристепено управно судство со Управниот суд како првостепен суд, Вишиот управен суд како второстепен суд и Врховниот суд на Република Македонија како суд што е надлежен да одлучува по вонредни правни лекови, односно по барање за заштита на законитоста од страна на Јавниот обвинител на Република Македонија против одлука на Судот донесена по тужба за повторување на постапката.[40]

Со измените се прецизираат основите за побивање на управните акти во управен спор, и тоа: 1) ако е донесен од ненадлежен орган; 2) поради погрешна примена на материјалното право; 3) поради погрешно или нецелосно утврдена фактичка состојба во постапката што му претходела на актот, и 4) кога во постапката што му претходела на актот не се постапило според правилата на постапката.[41]

## 2010 година – измени во начинот на одлучување

Јавноста и натаму е исклучена од работата на судот, односно во согласност со членот 30 став 1 од ЗУС, Управниот суд по правило одлучува на нејавна седница. Меѓутоа, со измените на ЗУС од 2010 година се прошируваат случаите кога Судот одлучува мериторно, односно покрај законитоста на актот Судот ќе ја оценува и самата

38 Уставниот суд го укина членот 39 став 2 до ЗУС, со кој се предвидуваше правото на жалба само како исклучителен, а не како редовен правен лек, односно само против одлуките на Управниот суд донесени на јавна усна расправа, закажана и одржана по предлог на странката. Надлежен за одлучување по жалбите беше Врховниот суд на Република Македонија. Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.231/2008, 16.09.2009 година.

39 Закон за изменување и дополнување на Законот за управните спорови, „Службен весник на Република Македонија“, бр. 150 од 18.11.2010 година.

40 Член 4, ЗУС.

41 Претходното законско решение како основ за побивање на управниот акт го предвидуваше случајот кога Законот е неправилно применет; кога актот е донесен од страна на ненадлежен орган, а во постапката што му претходела на актот не се постапило според правилата на постапката, а особено кога фактичката состојба не е правилно утврдена или кога од утврдените факти е изведен неправилен заклучок во однос на фактичката состојба.

управна работа, преку одржување усна јавна расправа.[42] Тоа значи дека листата на случаи по кои Управниот суд мериторно одлучува е законски дефинирана.[43] За жал, нема податок за тоа во колку случаи Управниот суд одлучувал на усна јавна расправа поради тоа што АКМИС апликацијата за автоматско управување со судските предмети во Управниот суд нема опција за пребарување на овој податок, а Судот не располага со друга база на податоци од која може да се генерира бараната информација. Меѓутоа, и без овој податок, со оглед на тоа што со измените во ЗУС од 2010 година се проширува бројот на случаите во кои Управниот суд мериторно одлучува, а имајќи ја предвид досегашната ефикасност во решавањето на предметите од страна на судот, треба да се има предвид дека ова секако ќе претставува дополнителен предизвик за Судот во однос на неговата ефикасност.

## Време е за времени мерки!

Тужбата, по правило, не го спречува извршувањето на управниот акт против кој е поднесена, но по барање на странката Судот може да го одложи извршувањето или со посебно барање до Судот да донесе решение за времена мерка за одложување на извршувањето на актот до решавањето на тужбата.[44] Бројот на донесени времени мерки од страна на Управниот суд во 2009 и 2010 година изнесува 85 во сите области (види табела подолу), што е незначителен број со оглед на

42 Судот одлучува мериторно на јавна усна расправа кога: а) тоа го налага сложеноста на предметот во управниот спор; б) тоа е неопходно заради подобро разјаснување на управната работа или заради утврдување на фактичката состојба; в) судот изведува докази; г) во случај на „молчење на администрацијата“, во согласност со условите определени со ЗУС (член 22); д) во случај на избегнување на можноста да настане ненадоместлива штета за тужителот; ѓ) во случај на очигледна фактичка состојба, во согласност со доказите; е) во случај кога органот чиј акт претходно бил поништен од страна на судот не постапил во целост по пресудата, и ж) во случаите определени со членот 40 од ЗУС. Пресудата донесена според членот 40 став 1 во сè го заменува актот на надлежниот орган. Понатаму, во членот 40 став 3 се наведува дека судот е должен да го извести органот што врши надзор над работата на органот што го донел актот кој е предмет на управен спор, заради санкционирање на одговорното службено лице кое не постапило според одлуките на судот.

43 Меѓутоа, на странката, односно на граѓанинот, секогаш и/му стои на располагање можноста за заштита на своето право со членот 53 од ЗУС, врз основа на кој странката може да бара донесување на акт од страна на судот што го поништил актот, а надлежниот орган не постапил по одлуката на судот.

44 Членови 14 и 15 од ЗУС.

просечниот годишен прилив на предмети.[45] Бројот не дава податоци за тоа колку барања за времени мерки се одбиени или дали сите предложени времени мерки се прифатени. Најголемиот број времени мерки се донесени во областа на прекршоците.

| Број на донесени времени мерки по области во 2009 и 2010 година | |
|---|---|
| Имотно-правни работи (катастар и градежно земјиште) | 3 |
| Денационализација - експропријација | 10 |
| Урбанизам и градежништво (одобрение за градба, запирање на градба, отстранување на градба, административно извршување) | 20 |
| Пензиско-инвалидско и здравствено осигурување (старосна и инвалидска пензија, помош и нега, здравствено осигурување, лекување во земјата и странство) | 3 |
| Јавни набавки и даноци (персонален данок, данок на имот, контрола на данок и царински долг) | 21 |
| Прекршоци | 28 |
| **Вкупно** | **85** |

## Како суди Судот?

Погоре во текстот е даден вкупниот број предмети по кои Судот решавал во 2009 и 2010 година. Понатаму во текстот ќе се анализира работата на Судот по поединечни предмети, според податоците добиени од Судот врз основа на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер. Барани се податоци за неколку области, во согласност со поделбата на советите во Судот, и тоа:

- Имотно-правни работи (катастар и градежно земјиште);
- Денационализација и експропријација;
- Урбанизам и градежништво (одобрение за градба, запирање на градба, отстранување на градба, административно извршување)
- Пензиско-инвалидско и здравствено осигурување (старосна и инвалидска пензија, помош и нега, лекување во земјата и странство);

45 Податоци добиени од Управниот суд, во согласност со Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

» Јавни набавки и даноци (персонален данок, данок на имот, контрола на данок и царински долг), и
» Прекршоци.

Прегледот на прашањата доставени до судот и одговорите е даден во Прилог 1.

## Преглед на поднесените тужби

По одделните области, бројот на поднесени тужби и начинот на решавање по предметите во текот на 2009 и 2010 година е следниов:

| Основ | Примени | Нерешени | Решени | Уважени | Одбиени |
|---|---|---|---|---|---|
| Катастар и градежно земјиште | 266 | 15 | 251 | 121 | 35 |
| Денационализација -експропријација | 4.212 | 1.904 | 2.308 | 1.386 | 628 |
| Урбанизам и градежништво | 286 | 44 | 243 | 56 | 120 |
| Пензиско-инвалидско и здравствено осигурување | 1.348 | 653 | 695 | 407 | 201 |
| Јавни набавки и даноци | 1.342 | 506 | 840 | 274 | 61 |
| Прекршоци | 3.390 | 1.906 | 2.084 | 1.141 | 434 |
| **Вкупно:** | **10.844** | **5.028** | **6.421** | **7.285** | **1.479** |

Со оглед на тоа што барањето за податоци се однесува на неколку издвоени области, вкупниот број тужби прикажани во оваа табела се разликува од вкупниот број поднесени тужби според официјалните податоци на Судот, дадени во првиот дел од оваа анализа. Меѓутоа, податоците даваат општа слика за „атрактивноста" на одделни области. Така, најголемиот број тужби се поднесени во областа денационализација и експропријација, потоа следуваат прекршоците, правата од пензиско и инвалидско осигурување и јавните набавки и даноци, а најмал број тужби се поднесени во областа урбанизам и градежништвото и катастар. Следствено на ова, најголемиот број решени тужби се во областа денационализација и експропријација и прекршоци. Анализата на исходот по овие предмети е дадена во текстот што следува.

## По тужбите, да видиме како работат органите на државната управа

Дадените податоци покажуваат дека бројот на уважени тужби во сите области е поголем од бројот на одбиени тужби, освен во областа урбанизам и градежништво. Ваквиот исход од предметите посочува на неефикасното работење на органите на државната управа и на високиот степен на повреда на правата и интересите на граѓаните и/или на правните лица од страна на органите на државната управа. Дека најчесто станува збор за повреда на правата и интересите на граѓаните и на правните лица говори и податокот што бројот на тужби поднесени од страна на државното правобранителство е незначителен во однос на вкупниот број поднесени тужби (прегледот на овој податок е даден понатаму во текстот). Во таа смисла, потребни се дополнителни напори за обука на кадарот во органите на државната управа во однос на примената на законите и донесувањето на управните акти.

## Отфрлање на тужба

Во однос на горенаведените податоци, од Управниот суд е побаран и бројот на отфрлени тужби по сите области. Меѓутоа, со оглед на тоа дека во базата на податоци во Судот нема можност за пребарување на податоците што се однесуваат само за бројот на отфрлени тужби по кои Судот решава со решение, даден е бројот на сите предмети по кои судот одлучил со решение:[46]

46 Во согласност со членот 26 од ЗУС, Управниот суд со решение ќе ја отфрли тужбата кога се исполнети законските услови. Меѓутоа, според одредбите на ЗУС, Судот донесува решение и во други случаи, на пример: кога во согласност со членот 14 став 2 од ЗУС донесува одлука за одлагање на извршувањето на управниот акт или кога според членот 24 од ЗУС ја запира постапката во случај кога тужителот се откажал од тужбата. Поради вака дадените законски можности, не може да се земе дека податоците дадени од Управниот суд се однесуваат само на случаите на отфрлање на тужбата, како што впрочем е наведено во одговорот од Управниот суд.

| Основ | Решено со решение |
|---|---|
| Катастар и градежно земјиште | 193 |
| Денационализација –експропријација | 191 |
| Урбанизам и градежништво | 319 |
| Пензиско-инвалидско и здравствено осигурување | 231 |
| Јавни набавки и даноци | 355 |
| Прекршоци | 411 |
| **Вкупно:** | **1.700** |

Според членот 26 од ЗУС, Управниот суд со решение ќе ја отфрли тужбата доколку утврди дека: 1) тужбата е поднесена ненавремено или предвреме; 2) актот што се оспорува со тужбата не е управен акт; 3) ако е очигледно дека со управниот акт што се оспорува со тужбата не се засега во правото на тужителот или во неговиот непосреден личен интерес заснован врз законот; 4) против управниот акт што се оспорува со тужбата можело да се поднесе жалба, но таа воопшто не е поднесена или не е навремено изјавена; 5) се работи за управен предмет за кој не може да се води управен спор, и 6) во случај кога веќе постои правосилна одлука донесена во управен спор за истата работа. Со оглед на тоа дека станува збор за остварување на правата на граѓаните во управен спор, од исклучително значење е можноста тие да бидат запознаени со условите под кои може да поведат управен спор. Оттаму, постоењето на соодветни статистички податоци за бројот на отфрлените тужби би било корисно во смисла на подобрување на состојбата со заштитата на правата на граѓаните во управен спор, преку анализа на бројот и причините за нивното отфрлање и, следствено на тоа, работа на отстранување на истите.

## Државното правобранителство поднесува тужби... едвај

Од вкупно поднесените тужби против акти на надлежните државни органи во 2009 и 2010 година, 436 тужби се поднесени од страна на Државното правобранителство, при што се уважени 150, а одбиени 86 тужби.[47] Доколку се земе предвид бројот на вкупно поднесени тужби во 2009 и 2010 година, кој изнесува 18.835 тужби,[48] овој број е незначителен, односно изнесува 2,3%. Како што е кажано погоре,

47 Податоци добиени од Управниот суд врз основа на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

48 Види стр.5 горе.

ова укажува на фактот дека најголемиот број тужби се поднесени од физички и од правни лица кои бараат судска заштита на своите права и интереси за кои е одлучено со управен акт.

## Судот одлучува, а што ли потоа се случува!?

Едно од прашањата во врска со ефикасното спроведување на заштитата на граѓаните во управен спор е и односот помеѓу Управниот суд и тужените органи, како и остварувањето на начелото на задолжителност и извршност на одлуките на Управниот суд.[49] И во овој случај, Судот нема никакви податоци за ефикасноста во спроведувањето на неговите одлуки од страна на органите на управата, освен тоа дека во 2009 и 2010 година биле поднесени 270 барања од странки за извршување на пресуди врз основа на членот 53 од ЗУС.[50] Оваа бројка укажува на потребата од зајакнување на мерките за извршност на пресудите на Судот. Иако законодавецот предвидел можност за заштита на граѓанинот во случај кога органите на државната управа не ги почитуваат одлуките на Управниот суд, потребно е да се создадат услови за целосно „искоренување“ на случаите по кои судот постапува врз основа на членот 53 од ЗУС. На ова се надоврзува и прашањето за почитувањето на барањата за доставување списи од страна на тужените органи до Управниот суд во законски предвидените рокови, за кои Управниот суд исто така нема податоци, пред сè поради неможноста на компјутерскиот систем да даде таква информација. Последново е важно и за оценка на односот

49 Одлуките на судовите донесени во управните спорови се задолжителни и извршни. Член 5 од ЗУС:

50 Член 53 од ЗУС: „(1) Ако надлежниот орган по поништувањето на управниот акт не донесе веднаш, а најдоцна во рок од 30 дена нов управен акт, или акт за извршување на пресудата донесена врз основа на членот 40 став 5 од овој закон, странката може со посебен поднесок да бара донесување на таков акт. Ако надлежниот орган не донесе акт ни за седум дена од ова барање, странката може да бара донесување на таков акт од судот што ја донел пресудата. (2) По барањето од ставот 1 на овој член, судот ќе побара од надлежниот орган известување за причините поради кои не го донел управниот акт. Надлежниот орган е должен да го даде ова известување веднаш, најдоцна во рок од седум дена. Ако тој не го изврши тоа или ако според мислењето на судот даденото известување не го оправдува неизвршувањето на судската пресуда, судот ќе донесе решение што во сè го заменува актот на надлежниот орган, ако природата на работата го дозволува тоа. Судот ќе го достави ова решение до органот надлежен за извршување и за тоа истовремено ќе го извести органот што врши надзор. Органот надлежен за извршување е должен без одлагање да го изврши ваквото решение.“

на органите на управата кон Управниот суд и неговата позиција во системот на реализирање на правата на граѓаните.

## Правото на жалба - редовен правен лек

Како што е наведено погоре во текстот, правото на жалба како редовен правен лек се воведува во 2010 година, по интервентната одлука на Уставниот суд во 2009 година. Дотогаш, правото на жалба беше предвидено само во случај кога одлуката е донесена мериторно, односно по пат на јавна расправа. Последниот случај исто така беше ограничен. Со тоа се исправи една недоследност во ЗУС и истиот се усогласи со уставно загарантираното начело на право на жалба.

## Преглед на поднесените жалби и исходот од нив

Во текот на 2009 и 2010 година се поднесени 946 жалби, при што најголем дел од жалбите се однесуваат на предмети од областа на денационализацијата и експропријацијата (речиси една третина од вкупниот број), а најмалку од областа на пензиско-инвалидско и здравствено осигурување. По области, бројот на поднесени жалби е следниов:[51]

| **Број на поднесени жалби по области во 2009 и 2010 година** | |
|---|---|
| Имотно-правни работи (катастар и градежно земјиште) | 152 |
| Денационализација – експропројација | 336 |
| урбанизам и градежништво (одобрение за градба, запирање на градба, отстранување на градба, административно извршување) | 153 |
| Пензиско-инвалидско и здравствено осигурување (старосна и инвалидска пензија, помош и нега, здравствено осигурување, лекување во земјата и странство) | 54 |
| Јавни набавки и даноци (персонален данок, данок на имот, контрола на данок и царински долг) | 138 |
| Прекршоци | 113 |
| **Вкупно:** | **946** |

Со оглед на тоа дека Вишиот управен суд почна да работи во јуни 2011 година, а измените на ЗУС се донесени во текот на 2010 година,

51 Податоци добиени од Управниот суд, врз основа на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

надлежен за решавање по жалбите беше Врховниот суд на Република Македонија. Според Извештајот за работата на Управниот суд за 2010 година, состојбата со предметите по коишто се поднесени жалби, а за коишто е одлучено во 2010 година, по совети, е прикажан во следната табела:

| Совет | Број на предмети пратени во ВСРМ | Укинати | Потврдени | Отфрлени | Преиначени | Невратени |
|---|---|---|---|---|---|---|
| I | 152 | 2 | 24 | 15 | 11 | 100 |
| II и VII | 336 | 4 | 119 | 22 | 47 | 144 |
| III | 153 | 5 | 35 | 2 | 9 | 102 |
| IV | 54 | 1 | 16 | / | 5 | 32 |
| V | 138 | 8 | 28 | 2 | 9 | 91 |
| VI и VIII | 113 | 5 | 28 | 11 | 11 | 58 |
| **Вкупно** | **946** | **25** | **250** | **52** | **92** | **527** |

Според дадените податоци, во првиот оддел се поднесени 152 жалби, од кои се решени 52 предмети: укинати се 2 предмета (3,8%), потврдени 24 (46,1%), отфрлени 15 (28,8%) и преиначени 11 (21,1%).

Во вториот оддел, каде што постапуваат вториот и седмиот совет, се поднесени вкупно 336 жалби, од кои се решени 182 предмета: укинати се 4 или 2,1%, потврдени 109 (59,9%), отфрлени 22 или 12% и преиначени 47 или 25,8%.

Во третиот оддел се поднесени 153 жалби, од кои се решени 51 предмет со следниовисход: укинати 5 (9,8%), потврдени 35 (68,6%), отфрлени 2 (3,9%) и преиначени 9 (17,6%).

Во четвртиот оддел се поднесени 54 жалби од кои се решени 22 предмета со следниов исход: укинати 1 (4,5%), потврдени 16 (72,7%) и преиначени 5 (22,7%).

Во петтиот оддел се поднесени 138 жалби, од кои се решени 47 предмети со следниов исход: укинати 8 (17%), потврдени 28 (59,5%), отфрлени 2 (4,2%) и преиначени 9 (19,1%).

Во шестиот оддел се поднесени вкупно 113 жалби од кои се решени 55 предмети, и тоа укинати 5 (9%), потврдени 28 (50,9%), отфрлени 11 (20%) и преиначени 11 (20%).

Од вкупниот број поднесени предмети по жалби (946), биле решени 419, односно помалку од половината (44%). Од решените предмети, 250 или речиси 60% се потврдени; 25 предмети (6%) се укинати; 52, односно 12%, се отфрлени и 92 (22%) од вкупниот број решени предмети по жалби се преиначени. Ако се земе предвид вкупниот број решени предмети во 2009 и 2010 година (14.167), процентот на укинати и преиначени пресуди е незначителен и истиот се движи помеѓу 0 и 1 процент. Од аспект на критериумите за оценка на квалитетот на работењето на судиите, според Законот за судскиот совет, ова носи највисок број бодови.[52] Притоа, треба да се има предвид и тоа дека овие податоци се групни, а не се презентирани по поединечен судија. Но, оваа бројка не може да даде сеопфатна слика за квалитетот на судските одлуки и од причина што досега правото на жалба беше ограничено и предвидено само во исклучителни услови. По интервенцијата на Уставниот суд и измената на ЗУС, со која правото на жалба се воведува како редовен правен лек, како и по основањето на Вишиот управен суд како второстепен суд, реално е да се очекува дека наредните години бројот на жалбите ќе се зголеми.[53] Во таа смисла, анализата на бројот на жалби и постапувањето на Вишиот управен суд по нив би било од корист доколку сакаме да добиеме сеопфатна слика за ефикасноста на управното судство.

52 Членови 110 и 111 од Законот.

53 Можни идни истражувања на работата на Вишиот управен суд, кои во корелација со работата на Управниот суд би придонеле за сеопфатна анализа на ефикасноста на заштитата на правата на граѓаните во управен спор.

# ШТО КОГА АДМИНИСТРАЦИЈАТА МОЛЧИ?

## Заштитата за граѓаните и правните лица кога „администрацијата молчи“

Едно од клучните прашања при остварувањето на правата на граѓанинот пред органите на државната управа е начинот на соодветна заштита во случај на т.н. „молчење на администрацијата“, односно кога органите на државната управа не ги почитуваат своите законски обврски за донесување соодветен управен акт во законски определените рокови. Со тоа настанува правна несигурност за граѓанинот. Во ваков случај во нашето законодавство е прифатена можноста за поведување управен спор во согласност со членот 22 од ЗУС.

## Кога и како можам да поведам спор доколку администрацијата молчи?

Правната презумпција за „молчење на администрацијата“ е истекот на рокот од 60 дена или пократок рок, доколку е определен со посебен пропис, во кој второстепениот орган не донел решение по жалбата на странката против првостепеното решение, како и кога решението не е донесено ниту во рок од седум дена по повторното барање од странката. Овие рокови и услови важат и во случај кога првостепениот орган, против чиј акт нема место за жалба, не постапил по барањето на странката. Доколку има место за жалба против актот на првостепениот орган, тогаш странката е должна во рок од 60 дена или во рокот определен со посебниот пропис да поднесе жалба до второстепениот орган. Доколку ниту второстепениот орган не донесе решение, тогаш под истите услови како и во претходноспоменатиот случај странката може да поведе управен спор.

Кога се поведува управен спор според членот 22 од ЗУС, членот 30-а предвидува дека Управниот суд преку усна јавна расправа со пресуда ќе одлучи и за самата управна работа.[54] На ист начин, ЗУС ова го предвидува и во членот 40 став 1 алинеја 7, со тоа што во согласност со ставот 5 од членот 40, Судот со пресудата ќе определи во која смисла надлежниот орган ќе донесе решение, а управниот орган е должен да донесе акт според кој судската одлуката ќе се изврши веднаш, најдоцна во рок од 30 дена.[55] Доколку органот не го стори тоа, странката може со посебен поднесок до органот да бара донесување на такот акт, а во случај органот да не постапи во рок од седум дена од поднесувањето на барањето, странката може да бара донесување на таков акт од судот што ја донел соодветната одлука. На овој начин, граѓанинот е доведен во неповолна ситуација, особено затоа што е можно органот воопшто да не постапи по одлуката на судот, па граѓанинот да треба повторно да бара заштита од судот. Во интерес на граѓанинот, особено во случај на „молчење на администрацијата“ е судот веднаш да ја реши управната работа, имајќи предвид дека и пред поднесувањето на тужбата граѓанинот изгубил време во чекање да се реши неговото барање. Имајќи ги предвид законските рокови предвидени со членот 22 од ЗУС, тоа би можело да изнесува најмалку 127 дена, односно 4 месеци! Можноста за заштита на правата на граѓаните во случај на „молчење на администрацијата“ дополнително се комплицира и со новите измени во ЗОУП[56], според кои во согласност со членот 293-а во случаите определени со закон, од граѓанинот се очекува да ги потсетува органите на управата на нивната обврска да одлучат по управната работа, притоа запазувајќи ги строгите рокови поврзани со различни органи, што е предизвик дури и за обучени професионалци од областа (правници, адвокати и сл.). Овие измени се особен предизвик кога станува збор за прашањето за заштитата на правата на граѓаните, зашто пропуштањето на еден од многуте рокови и чекори наведени во членот 293-а, значи губење на правото да се поведе управен спор. Впрочем, и во последниот извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија кон Европската унија (од 12.10.2011) се истакнува дека „измените на Законот за општата управна постапка не обезбедуваат ефикасно давање административни услуги и заштита на граѓаните.“

54 Член 30-а, став 2, алинеја 4, но исто така и член 40.
55 Член 53 став 1 од ЗУС.
56 „Службен весник на Р. Македонија, бр.51/2011.

## Не се знае колку се спори доколку администрацијата молчи

Случаите на поведување управен спор во случај на „молчење на администрацијата“ се добар индикатор за ефикасноста на администрацијата, но и за запознаеноста на граѓаните со оваа можност. Меѓутоа, Управниот суд нема конкретни податоци за бројот на тужби поднесени врз основа на членот 22, со оглед на тоа што АКМИС апликацијата за автоматско управување со судските предмети не овозможува пребарување во базата на податоци во АКМИС системот за да се добие бараната информација.[57] Има податоци за бројот на поднесени тужби врз основа на членот 53, и тоа 118 поднесени тужби во 2009 и 152 тужби заради непостапување на органите на управата по пресуда на Управниот суд во 2010 година.[58] Иако не постојат конкретни податоци за кои области се однесуваат истите и дали се однесуваат и на случаите на т.н. „молчење на администрацијата“, сепак самиот факт дека граѓаните треба повторно да ја бараат правдата пред судот, и покрај тоа што Судот еднаш веќе донел одлука, укажува на одредени аномалии во системот, од што секако најпогоден е граѓанинот. Меѓутоа, со цел да се увиди дали и колку е ефикасна администрацијата, а со тоа и потенцијално да се намали бројот на тужби пред Управниот суд, статистиката за случаите во кои се постапува поради „молчење на администрацијата“ би била повеќе од корисна и продуктивна, затоа што ќе овозможи увид во ефикасноста на администрацијата и отстранување на пречките за остварување на оваа цел. Притоа, ако се има предвид и законското решение според кое странките сами си ги покриваат трошоците во постапката пред Управниот суд,[59] се заклучува дека при остварувањето на своите права пред органите на управата граѓаните се ставени во мошне незавидна положба.

57 Податоци добиени од Управниот суд, во согласност со Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

58 Податоци добиени од Управниот суд, во согласност со Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

59 Член 7-б, ЗУС.

## ШТО ЗАКЛУЧИВМЕ?

Целта на оваа анализа е да се даде одговор на прашањето како се остварува судската заштита на правата и интересите на физичките и на правните лица во управен спор во Република Македонија. Изложените податоци и нивната анализа доведуваат до неколку заклучоци.

Прво, сè уште не може да се рече дека е остварена целта поради која е формиран Управниот суд – ефикасно справување со управните спорови и надминување на постојната состојба во која тие се „тесно грло“ во судството во Република Македонија. Бројот на нерешени предмети од страна на Управниот суд, од неговото формирање во декември 2007 година заклучно со крајот на 2010 година, се зголемува, иако условите под кои истиот функционира се подобруваат, и тоа како во однос на просторните и техничките услови за работа, така и во однос на расположливите човечки ресурси. Неможноста за справување со предметите од страна на Управниот суд е констатирано и во извештаите на Судскиот совет и на Врховниот суд, при што Врховниот суд дава и одредени препораки за надминување на ваквата состојба, а кои се однесуваат пред сè на делот на вработувањето доволен број кадри кои ќе придонесат за надминување на ваквата состојба. Последното се наведува како причина и во извештаите на Управниот суд за неможноста да се справи со напливот на предмети.

Понатаму, периодот во кој се анализира работата на Управниот суд (2009 и 2010) е, условно речено, период на делумни можности за судска заштита на правата на граѓаните, од причина што во тој период е ограничено правото на жалба како редовен правен лек. Поради ова, во моментов е ограничена можноста да се увиди и квалитетот на одлуките донесени од страна на Управниот суд, преку соодветна статистика на бројот на поднесените жалби и исходот по истите. Со измените на ЗУС во 2010 година, со кои се „исправи“ ваквата состојба, и почетокот со работа на Вишиот управен суд во јуни 2011 година, за очекување е ваквата состојба да се поправи и да се овозможи

сеопфатна анализа на работата на Управниот суд. Доколку на ова се додадат и законските измени во однос на проширувањето на случаите за задолжително одржување усни јавни расправи и од првостепениот и од второстепениот суд, а со тоа и проширување на можностите за донесување мериторни одлуки со кои се решава управната работа од страна на судот, за очекување е да се подобри заштитата на граѓаните во управно-правните спорови.

Исто така, анализата на статистичките податоци за работата на Управниот суд доведува до неколку заклучоци. Прво, бројот на уважените тужби е значително поголем од бројот на одбиените тужби, што укажува на состојба во која органите на управата не го спроведуваат правилно законот, па според тоа се потребни дополнителни напори во органите на управата за надминување на ваквата состојба. Голем број податоци побарани во согласност со Законот за слободен пристап до информациите не се добиени од причина што АКМИС апликацијата не дава можност за истото. Овој одговор е даден по однос на неколку прашања, а судот го упатува барателот на јавната информација да ги разгледа објавените пресуди на судот на неговата веб-страница. Реално, разгледувањето на сите поединечни пресуди заради добивање соодветна информација е тешко остварливо, особено ако се има предвид факторот време. Доколку се работи за случај кога не се користи компјутерски систем на податоци, ваквото оправдување би било сосема очекувано и пореално. Притоа, евидентна е потребата од добивање различни видови информации и статистички податоци. Поради тоа, се препорачува да се разгледаат можностите за редефинирање на задачите на системот, за истиот да може да понуди поголем број можости за пребарување и добивање на потребните податоци. Можностите за анализа на овие случаи би биле од значење за системското подобрување на заштитата на правата на граѓаните уште при првиот контакт со органите на управата.

Секако, треба да се има предвид дека анализата на работата на Управниот суд се однесува на краток период од „само“ две години, кои се одликуваат со голем број наследени нерешени предмети од Врховниот суд на Република Македонија, со недоволно обезбедени материјално-технички и просторни услови за работа и, особено, со недостаток од доволен број стручни кадри, како и со недоволно развиен концепт на управното судство што се карактеризира со скорешните суштински промени во законската материја. Во такви околности е неопходно надлежните институции да реагираат соодветно и најбрзо, со цел да се отстранат сите „пречки“ за ефикасно

работење на Управниот суд, на кои е укажано како од Управниот суд, така и од Врховниот суд на Република Македонија, а кои се однесуваат пред сè на недоволната кадровска екипираност.

За да може да се одговори на предизвикот дали последново е единствената причина за покажаната неефикасност во работењето на Управниот суд, треба да се овозможат оптимални услови за работата на Управниот суд. Имајќи го предвид искуството, надлежните институции треба да обезбедат соодветни мерки и услови за работа и за новоформираниот Виш управен суд. Времето ќе покаже дали и како овие институции ќе се справат и ќе одговорат на предизвикот наречен ефикасна заштита на правата на граѓаните, притоа имајќи ги предвид и критиките што постојано доаѓаат од Европската унија во однос на состојбите во судството во целина.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Закон за управните спорови, „Службен весник на Република Македонија“ бр.62/2006, со измените и дополнувањата.
2. Закон за општата управна постапка, „Службен весник на Република Македонија“ бр.38/2005, со измените и дополнувањата.
3. Закон за судовите, „Службен весник на Република Македонија“ бр.58/2006, со измените и дополнувањата.
4. Закон за слободен пристап до информациите од јавен карактер, „Службен весник на Република Македонија“ бр.13/2006, со измените и дополнувањата.
5. Стратегија за реформа на правосудниот систем, Влада на Република Македонија, Министерство за правда, 2004 година.
6. Извештај за работата на Управниот суд за 2008 година, Управен суд на Република Македонија, февруари 2009 година.
7. Извештај за работата на Управниот суд за 2009 година, Управен суд на Република Македонија, февруари 2010 година.
8. Извештај за работата на Управниот суд за 2010 година, Управен суд на Република Македонија, февруари 2011 година.
9. Оценки и заклучоци на Врховниот суд на Република Македонија по извештаите за работата на судовите во Република Македонија во 2009 година.
10. Оценки и заклучоци на Врховниот суд на Република Македонија по извештаите за работата на судовите во Република Македонија во 2010 година.
11. Извештај за работата на Врховниот суд на Република Македонија за 2006 година
12. Извештај за работата на Врховниот суд на Република Македонија за 2007 година
13. Извештај за работата на Судскиот совет на Република Македонија за 2009 година.
14. Извештај за работата на Судскиот совет на Решублика Македонија за 2010 година.
15. Извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија кон членство во Европската унија, октомври 2011 година.
16. Податоци добиени во согласност со Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер

# ПРИЛОГ

## Прашања и одговори во согласност со Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер

### I. Прашања до Управен суд

| 1. Број на поднесени тужби по области во 2009 и 2010 година | |
|---|---|
| Имотно-правни работи (катастар и градежно земјиште) | 266 |
| Денационализација – експропријација | 4.212 |
| Урбанизам и градежништво (одобрение за градба, запирање на градба, отстранување на градба, административно извршување) | 287 |
| Пензиско-инвалидско и здравствено осигурување (старосна и инвалидска пензија, помош и нега, здравствено осигурување, лекување во земјата и во странство) | 1.348 |
| Јавни набавки и даноци (персонален данок, данок на имот, контрола на данок и царински долг) | 1.342 |
| Прекршоци | 3.990 |
| **Вкупно** | **11.445** |

| 2. Нерешени тужби (предмети) по области во 2009 и 2010 година | |
|---|---|
| Имотно-правни работи (катастар и градежно земјиште) | 15 |
| Денационализација – експропријација | 1.904 |
| Урбанизам и градежништво (одобрение за градба, запирање на градба, отстранување на градба, административно извршување) | 44 |
| Пензиско-инвалидско и здравствено осигурување (старосна и инвалидска пензија, помош и нега, здравствено осигурување, лекување во земјата и во странство) | 653 |
| Јавни набавки и даноци (персонален данок, данок на имот, контрола на данок и царински долг) | 506 |

| | |
|---|---|
| Прекршоци | 1.906 |
| **Вкупно** | **5.028** |

| **3. Одбиени тужби во 2009 и 2010 година** | |
|---|---|
| Имотно-правни работи (катастар и градежно земјиште) | 35 |
| Денационализација – експропријација | 628 |
| Урбанизам и градежништво (одобрение за градба, запирање на градба, отстранување на градба, административно извршување) | 120 |
| Пензиско-инвалидско и здравствено осигурување (старосна и инвалидска пензија, помош и нега, здравствено осигурување, лекување во земјата и во странство) | 201 |
| Јавни набавки и даноци (персонален данок, данок на имот, контрола на данок и царински долг) | 61 |
| Прекршоци | 434 |
| **Вкупно** | **1.479** |

| **4. Решени тужби во 2009 и 2010 година** | |
|---|---|
| Имотно-правни работи (катастар и градежно земјиште) | 251 |
| Денационализација – експропријација | 2.308 |
| Урбанизам и градежништво (одобрение за градба, запирање на градба, отстранување на градба, административно извршување) | 243 |
| Пензиско-инвалидско и здравствено осигурување (старосна и инвалидска пензија, помош и нега, здравствено осигурување, лекување во земјата и странство) | 695 |
| Јавни набавки и даноци (персонален данок, данок на имот, контрола на данок и царински долг) | 840 |
| Прекршоци | 2.084 |
| **Вкупно** | **6.421** |

| 5. Тужби по кои е решено со решение во 2009 и 2010 година[60] | |
|---|---|
| Имотно-правни работи (катастар и градежно земјиште) | 193 |
| Денационализација – експропријација | 191 |
| Урбанизам и градежништво (одобрение за градба, запирање на градба, отстранување на градба, административно извршување) | 319 |
| Пензиско-инвалидско и здравствено осигурување (старосна и инвалидска пензија, помош и нега, здравствено осигурување, лекување во земјата и во странство) | 231 |
| Јавни набавки и даноци (персонален данок, данок на имот, контрола на данок и царински долг) | 355 |
| Прекршоци | 411 |
| **Вкупно** | **1.700** |

| 6. Број на уважени тужби по области во 2009 и 2010 година | |
|---|---|
| Имотно-правни работи (катастар и градежно земјиште) | 121 |
| Денационализација – експропријација | 1.386 |
| Урбанизам и градежништво (одобрение за градба, запирање на градба, отстранување на градба, административно извршување) | 56 |
| Пензиско-инвалидско и здравствено осигурување (старосна и инвалидска пензија, помош и нега, здравствено осигурување, лекување во земјата и во странство) | 407 |
| Јавни набавки и даноци (персонален данок, данок на имот, контрола на данок и царински долг) | 274 |
| Прекршоци | 1.141 |
| **Вкупно** | **3.385** |

60 Во случајот е побаран бројот на отфрлени тужби, за кои судот одлучува со решение. Меѓутоа во статистиката се дадени сите тужби по кои е одлучено со решение, со оглед на тоа дека системот на Управниот суд не дава таква статистика.

| 7. Број на донесени времени мерки по области во 2009 и 2010 година | |
|---|---|
| Имотно-правни работи (катастар и градежно земјиште) | 3 |
| Денационализација – експропријација | 10 |
| Урбанизам и градежништво (одобрение за градба, запирање на градба, отстранување на градба, административно извршување) | 20 |
| Пензиско-инвалидско и здравствено осигурување (старосна и инвалидска пензија, помош и нега, здравствено осигурување, лекување во земјата и во странство) | 3 |
| Јавни набавки и даноци (персонален данок, данок на имот, контрола на данок и царински долг) | 21 |
| Прекршоци | 28 |
| **Вкупно** | **85** |

| 8. Број на поднесени жалби по области во 2009 и 2010 година | |
|---|---|
| Имотно-правни работи (катастар и градежно земјиште) | 152 |
| Денационализација – експропријација | 336 |
| Урбанизам и градежништво (одобрение за градба, запирање на градба, отстранување на градба, административно извршување) | 153 |
| Пензиско-инвалидско и здравствено осигурување (старосна и инвалидска пензија, помош и нега, здравствено осигурување, лекување во земјата и во странство) | 54 |
| Јавни набавки и даноци (персонален данок, данок на имот, контрола на данок и царински долг) | 138 |
| Прекршоци | 113 |
| **Вкупно** | **946** |

| 9. Број на поднесени предлози за заштита поради незаконски дејствија и одлуки по нив | |
|---|---|
| Одбиени | 10 |
| Отфрлени | 3 |
| Уважени | 1 |
| Делумно уважени | 1 |
| **Вкупно** | **15** |

**10. Број на предмети во кои првостепените или второстепените органи не постапиле по пресудите на Управниот суд во текот на 2009 и 2010 година** – нема податоци. Со оглед на тоа дека компјутерскиот систем на Управниот суд не дава такви податоци, судот упатува на веб-страницата на која се дадени сите одлуки.

**11. Во колку случаи не биле доставени списи од страна на тужениот во роковите предвидени со Законот во текот на 2009 и 2010 година** – нема податоци. Со оглед на тоа што компјутерскиот систем на Управниот суд не дава такви податоци, судот упатува на веб-страницата на која се дадени сите одлуки.

**12. Број на поднесени тужби за молчење на администрацијата во текот на 2009 и 2010** – нема податоци, со оглед на тоа дека компјутерскиот систем на Управниот суд не дава такви податоци, судот упатува на веб-страницата на која се дадени сите одлуки.

**13. Број на одржани усни расправи по секоја област во текот на 2009 и 2010** – нема податоци со оглед на тоа што компјутерскиот систем на Управниот суд не дава такви податоци, судот упатува на веб страницата на која се дадени сите одлуки.

| 14. Број на случаи на непочитување на пресудите, односно правните становишта на Управниот суд преку повторно поднесување тужба во 2009 и 2010 година (член 53 од ЗУС) | |
|---|---|
| 2009 година | 118 |
| 2010 година | 152 |

| **15. Број на поднесени тужби против решенијата на Комисијата за слободен пристап до информациите од јавен карактер во 2009 и 2010 година** | |
|---|---|
| 2009 и 2010 година | 62 тужби |

| | |
|---|---|
| **16. Број на поднесени тужби од јавното правобранителство за поведување управен спор** | 436 тужби |

| | |
|---|---|
| **17. Број на одбиени тужби на јавното правобранителство во текот на 2009 и 2010 година за поведување управен спор против акти на надлежните државни органи** | 86 тужби |

| | |
|---|---|
| **18. Број на уважени тужби на јавното правобранителство во текот на 2009 и 2010 година** | 150 тужби |